ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
СКОПЈЕ

# БИЛТЕН

## БРОЈ 8/23



17.03.2023 година

# Р Е Ф Е Р А Т

**За избор на наставник во сите насловни звање од наставно-научна област „ДРУГО-МЕНАЏМЕНТ" (50624-Фраскатиева класификација) на Факултетот за економски науки во состав на Европски универзитет Скопје**

Во врска со објавениот конкурс во дневниот весник „Вечер" на ден 14.10.2022 година, за избор на наставник во сите насловни звања од наставно-научна област „Друго" (50624 – Фраскатиева класификација), наставно-научниот совет на Факултетот за економски науки во состав на Европски универзитет Скопје, на 319-та седница одржана на ден 08.03.2023 година, донесе Одлука бр.02-272/1 за формирање Рецензентска комисија во состав:

- Редовен професор д-р Марјан Бојаџиев - претседател;
- Вонреден професор д-р Снежана Христова -член;
- Доцент д-р Ивона Милева -член.

По направената анализа на доставените документи Рецензентската комисија има чест и задоволство до наставно –научниот совет на Факултетот за економски науки во состав на Европски универзитет Скопје да го поднесе следниов:

## И З В Е Ш Т А Ј

По објавениот конкурс за избор на наставник во сите насловни звања од наставно-научна област„Друго-менаџмент" (50624 – Фраскатиева класификација) на Факултетот за економски науки, во предвидениот рок се пријави кандидат д-р Берат Дехари.

Врз основа на доставената Пријава бр.03-1082/1 од 17.10.2022 година и приложените документи: Професионална биографија – CV, Диплома за стекнат степен доктор на науки во соодветната област, Список на објавени научни и стручни трудови и 1 /еден/ примерок од истите, Доказ за познавање на странски јазик, Рецензионата комисија го констатира следното:

### 1.БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Берат Дехари е роден на ден 03.01.1982 година во Гостивар, Република Македонија.

Основно образование има завршено во Гостивар, а средното образование го завршува во училиштето „Моша Пијаде" во 2001 година.

Високото образование го продолжува во 2001 година на Универзитет на

Југоисточна Европа, на Правниот факултет, на насока: Кривично право. Во 2005 година дипломира и се стекнува со назив Дипломиран правник. Постдипломски студии ги запишува во 2012 година на Меѓународен Универзитет во Струга, на Факултетот за правни науки, и се стекнува со стручно звање Магистер по правни науки во 2015 година.

Своето образование го продолжува со запишување на докторски студии на Универзитет Американ Колеџ, каде во 2020 година се стекнува со звање Доктор на науки по Бизнис администрација.

Д-р Берат Дехари зборува Албански јазик, Македонски јазик, Англиски јазик, Германски јазик и Турски јазик.

## 2. РАБОТНО ИСКУСТВО:

- **Јули 2006 – Август 2006 –** Влада на Република Северна Македонија, Секретариат за Европски прашање;
- **Ноември 2006 – Јануари 2008 –** Министерство за правда на Република Северна Македонија;
- **Јануари 2009 – Август 2009** – Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија – Шеф на кабинетот на министер за животна средина и просторно планирање В.Д Државен Секретар во Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија;
- **Август 2009 – Септември 2011 –** Министерстви за Економија на Република Северна Македонија, Инспекторат на пазарот – Инспектор;
- **2013** – Асистент на Меѓународниот Универзитет во Струга по предмети: Кривично право, Криминологија, Практични часови;
- **2015** – Асистент по практична настава во Меѓународниот Универзитет "Визион " – Гостивар;
- **Септември 2011 – Септември 2015–** Министерство за финансии на Република Северна Македонија, Управа за финансиска полиција, Заменик директор во Управа за финансиска полиција ( прв мандат )
- **Септември 2015 – Октомври 2019 -** Министерство за финансии на Република Северна Македонија, Управа за финансиска полиција, Заменик директор во Управа за финансиска полиција ( втор мандат );
- **Ноември 2019 до денес –** Јавно Претпријатие "Национални Шуми" на Република Северна Македонија, Заменик генерален директор со мандат од 4 години.

## 3. СТРУЧНИ АКТИВНОСТИ

- **2022** – Учество на 20 th International Anti-corruption conference (IACC) во Вашингтон Д.С. САД по покана на Transparency International, Secretariat to the IACC Council;
- **2019** - IVLP (Partipacient Aprill/May 2019); Студиски престој во Соединетите Американски Држави (САД) со покана од Американската амбасада во РСМ и Стејт Департмент на САД;
- **Септември 2015** - Сертификат за положен нотарски испит од Министерството за правда;
- **10.12.2013** - Сертификат за положен правосуден испит даден од Министерството за правда на Република Македонија;
- **Март - Јули 2012**-Сертификат на Петтата политичка академија за социјална демократија;
- **3-7 декември 2012**- Сертификат од „Централноевропскиот универзитет" за учество на семинарот „Човекови права" Букурешт;
- **2012** - Практични часови 2012 (месечно) во Рим во Италија - Гарди Ди Финанка;
- **Февруари-Ноември 2011** Сертификат за учество во серија семинари за развој на капацитетите на млади политички актери;
- **2010** - Потврда од Министерството за правда на Македонија за учество на семинар на:- Закон за управна постапка- Закон за административна инспекција- Закон за управни спорови- Дејствува прекршоци- Закон за постапување по жалби и предлози- Работа во канцеларија- Администрација во служба на граѓаните- јавни работи- Методологија;
- **2009** - Climate конференција за промена - Јужна Кореја;
- **24 - 25.10.2008 година** Академија за обука на судии и јавни обвинители и нивните заменици на Република Македонија - Перење пари Релевантност на судиите донесување на акт на криминал.

## 4. ОБЈАВЕНИ НАУЧНИ И СТРУЧНИ ТРУДОВИ

1. Дехари,Б., Села,И. (2022). Перење пари во банкарството, ИДЕЈА Меѓународно списание за наука и уметност, 6(11), pp.57-65, Европски универзитет Скопје;

2. Дехари,Б.(2022). Правно регулирање на природни монополи,ИДЕЈА Меѓународно списание за наука и уметност, 6(11), pp. 67-75, Европски универзитет Скопје;

3. Dehari,B. (2019). Analyzing Macedonian employees work motivation using The Herzberg'smotivation-hygiene theory, Academic Journal of Business, Administration, Law and Social Sciences, 5(2), pp.42-50, IIPCCL Publishing, Graz-Austria;

4. Dehari,B. (2019). Entrepreneurship in the Macedonian business environment, XV International May Conference on Strategic Management – IMCSM19, 15(1), pp. 227-238, Bor, Serbia.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од претходно изложената анализа на биографијата, професионалниот развој и резултатите на стручната и научната работа на д-р Берат Дехари, како и од самиот преглед на изработените, рецензираните и објавени трудови, се гледа исклучително плоден наставен, научно - стручен и педагошки развој на кандидатот.

Врз основа на досегашните научни, стручни и педагошки резултати презентирани во неговите трудови, Рецензентската комисија има особено задоволство и чест да му предложи на Наставно – научниот совет на Факултетот за економски науки во состав на Европски универзитет Скопје, да го избере **д-р Берат Дехари** за наставник во звање **НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ** од наставно-научна област **„Друго- менаџмент"**(50624 – Фраскатиева класификација).

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:**

1. Редовен професор д-р Марјан Бојаџиев – претседател

   M. Бојаџиев

   ______________________________

2. Вонреден професор д-р Снежана Христова - член

   Снежана Христова

   ______________________________

3. Доцент д-р Ивона Милева - член

   ______________________________